**20241352341**

## АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Врз основа на член 23 став (3) од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/2013, 41/2014, 115/2014, 116/2015, 153/2105, 192/2015, 61/2016, 172/2016, 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/19), Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ОСНОВНАТА ПЛАТА И ДОДАТОКОТ НА ПЛАТА ЗА ЗВАЊЕ, НИВНАТА ВИСИНА И НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕ

Член 1

Во Правилникот за зголемување на основната плата и додатокот на плата за звање, нивната висина и начинот на утврдување („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.180/2021, 131/2023 и 4/2024), во член 3 во став (1) , во точка 1 бројот „20%“ се заменува со бројот „25%“, во точка 3 бројот „20%“ се заменува со бројот „25%“, во точка 4 бројот „20%“ се заменува со бројот „25%“, во точка 5 бројот „20%“ се заменува со бројот „25%“.

Член 2

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се применува за пресметување на зголемувањето на основната плата и додаток на плата почнувајќи од 1.7.2024 година.

Образложение

Со членот 1 се менува членот 3 од Правилникот за зголемување на основната плата и додатокот на плата за звање, нивната висина и начинот на утврдување („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.180/2021, 131/2023 и 4/2024), со што се врши измена на процентот на зголемување на основната плата и додатокот на плата за звање на државните службеници вработени во Агенцијата за катастар за недвижности. Зголемувањето на процентот е извршен сразмерно согласно специфичната природа на работните задачи на државните службеници.

Бр. 0101-9439/1
25 јуни 2024 година
Скопје

Управен одбор,
Претседател
**Роберт Бешовски,** с.р.